**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за сообраќај**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за сообраќај по овластување од Градоначалник**

# РАЗВОЕН ПЛАН

## ЗА ОДРЖУВАЊЕ, ИЗВЕДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАДОТ СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2023 - 2025 ГОДИНА

Скопје, јануари 2023 година

**Предлог**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) и член 7 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18” и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.302/20), Советот на Град Скопје на _______________седница, одржана на __________ 2023 година, донесе

**РАЗВОЕН ПЛАН**
**за одржување, изведба и стопанисување на јавните паркинг простори на подрачјето на градот Скопје за периодот 2023 - 2025 година**

## I. ВОВЕД

Со овој развоен план се дефинираат и превземаат активности за уредување на сообраќајот во мирување, подигање и отстранување непрописно паркирани и хаварисани возила од јавни сообраќајни и зелени површини, унапредување и модернизација на паркинг просторите на подрачјето на градот Скопје, со кои стопанисува ЈП Градски паркинг - Скопје, а при тоа основна цел е зачувување на животната средина.
Предмет на овој развоен план е превземање на активности кои се однесуваат на унапредување на организирањето и уредувањето, како и зголемување на капацитетот на стационарниот сообраќај на јавните паркиралишта и јавните површини наменти за паркирање, со кои стопанисува ЈП Градски паркинг – Скопје, како и отстранување непрописно паркирани и хаварисани возила од јавни сообраќајни и зелени површини на подрачјето на градот Скопје, за периодот 2023, 2024 и 2025 година.

## II. ОБЕМ И ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ

а) **Обем**

**II.1.** Во делот на уредување на сообраќајот во мирување, предвидувањето за наредниот период е:

а) поставување на монтажни - демонтажни катни гаражи
б) катна гаража
в) покрај тековно и континуирано вложување во системите за паркирање во наредниот период се предвидува унапредување на системите за паркирање и во делот на организирање на паркирањето на јавните површини наменети за паркирање, на кои паркирањето е зонски организирано, на јавните паркиралишта и катни гаражи на кои влезно - излезните партии се организирани со помош на наплатна рампа.

Во делот на Уредување на сообраќајот во мирување ЈП Градски паркинг - Скопје заедно со Град Скопје и општините во градот Скопје ќе работи за лоцирање на нови јавни површини на кои би се организирало и уредило паркирањето за потребите на граѓаните.

Во решавање на проблемот со недоволна обезбеденост на потребниот број места за паркирање неопходно е да се направат нови сообраќајни решенија за одредени сообраќајници/улици на подрачје на градот, на пример на одредени улици да се воведе еднонасочен режим на сообраќај со што ќе се добијат доволен број места за **улично паркирање на крајните десни коловозни ленти**.

а) Со поставувањето на монтажно – демонтажни катни гаражи се зголемува бројот на места наменети за паркирање на една површина со што се намалува времето потребно за барање на слободно паркинг место што влијае на намалување на загадувањето и на зачувување на околината.

✔ Со воведувањето на фаст парк систем односно, монтажно - демонтажни конструкции онаму каде што тоа го дозволува просторот или на веќе постоечките паркиралишта, има можност за зголемување на бројот на места за паркирање дури до 100%.

ЈП Градски паркинг - Скопје има план да постави ваков тип монтажни катни гаражи на повеќе локации во градот: Чаир, Аеродром, Кисела Вода.

б) Унапредување на системот за паркирање

Во 2023 година е предвидено ЈП Градски паркинг - Скопје да отпочне со поставување на читачи на регистрации.

Во 2024 и 2025 година во план е да се започне инвестирање во имплементирање на паметни решенија на паркирање кои овозможуваат да се намали метежот во сообраќајот при барање слободно паркинг место низ улиците со што се допринесува во намалување на загадувањето.

„Паметно паркирање“ е стратегија на паркирање која ги комбинира технологијата и човечкиот фактор во обид да се употребат што помалку ресурси - како што се гориво, време и простор - за да се постигне полесно, побрзо и погусто паркирање на возилата.

Паметниот систем на паркирање е интегриран/поврзан и централизиран систем на управување со паркирањето кој на возачите им овозможува преку апликација на „паметните телефони“ да го олеснат и направат удобен процесот на барање паркинг место (или дури и да резервираат место за паркирање, да платат за услугата итн).

Да се знае точно колку возила се наоѓаат на паркиралиштето во точно определен момент е основата на паметното решение на паркирање. Откривајќи ја достапноста на паркинг просторот во реално време, ќе помогне да се поврзат и оптимизираат сите три досега воведени начини на паркирање: зонско паркирање, паркирање во катни гаражи и „затворени“ јавни паркиралишта (оние кои употребуваат рампа на влезно- излезниот систем).

Информациите во реално време за слободни паркинг места во град Скопје граѓаните ги добиваат преку поставени информативни табли.

Една од целите на овој пристап е да се избегне метежот што се создава при барање слободно место за паркирање, многу возење наоколу согорува многу гориво и

издувни гасови дневно. Системот за управување со паркирањето може значително да го намали времето на возење и загадувањето на воздухот, отворајќи го патот за почиста животна средина.
Паметното паркирање ја подобрува продуктивноста во работењето, ги намалува оперативните трошоци и создава вредност за градот и граѓаните.

**II.2.** Во делот на подигање и отстранување непрописно паркирани и хаварисани возила од јавни сообраќајни и зелени површини, во план е:

а) проширување на возниот парк на ЈП Градски паркинг – Скопје со набавка на нови специјални возила Пајак

Во доменот на Сектор Пајак односно, во делот на подигање и отстранување непрописно паркирани и хаварисани возила од јавни сообраќајни и зелени површини, ЈП Градски паркинг – Скопје, планира да инвестира во проширување на возниот парк на овој сектор и да набави нови специјални возила Пајак, кои се основна алатка во вршење на основната дејност на претпријатието.
Возилата кои се подигаат со помош на специјалните Пајак возила не секогаш се наоѓаат на пристапен терен. Со цел да се овозможи подигнување на возила кои се наоѓаат на непристапен терен, предвидено е да се инвестира во едно помало специјално возило со брила за извлекување на возила кои се паркирани на места непристапни за стандардните Пајак возила и три големи специјални возила: две со проширена и продолжена платформа на кое би можело да се преместуваат две возила истовреме и уште едно големо специјално возило за подигање комбиња, со спуштена платформа.
Во овој тригодишен план, предвидено е да се набават и четири специјални возила Пајак.

б) нови локации за стационирање на возилата подигнати од јавните сообраќајници- Нови депоа за складирање возила

Како би се намалила раздалеченоста помеѓу подигнатото/отстрането возило и депото каде се складираат овие возила со што ќе се намали амортизацијата, трошоците за гориво, издувните гасови а со тоа и загаденоста, предвидено е да се инвестира во две нови локации на кои би се складирале и чувале возилата подигнати од јавните површини.
На овој начин ќе се зголеми и продуктивноста на јавното претпријатие, ќе може да делува побргу и поефикасно а воедно ќе се намалат трошоците.
Планот на развој предвидува уредување на две нови депоа и тоа: Карпош и Гази Баба

**II.3.** Во делот на организирање на работата во ЈП Градски паркинг – Скопје, во план е да се работи на зачувување на животната средина со: поставување соларни панели, сензори за детекција на движење и лед светилки

а) Енергетски ефикасни решенија

Недостатокот на здрав животен простор, чист воздух и храна, недостатокот на енергенси во светски рамки ја наметнува идејата да посегнуваме и делуваме во сите насоки како би ја одржале околината почиста.

Денес станува се поважно да се биде ориентиран кон енергетски ефикасни и одржливи решенија а начинот на управување со паркирањето може многу да помогне во овој домен, доколку се организира на вистинскиот начин. Постојат повеќе начини како организирањето на паркинг просторите да се направи, енергетски ефикасно. Не само што е подобро за околината туку на долги патеки ги намалува трошоците.

- Поставување соларни панели заради самостојно производство електрична енергија,

Соларната енергија е достапна неограничено, не произведува штетни емисии и е бесплатна.

Употреба на сонцето како природен ресурс и поставување соларни панели или колектори како би се задоволиле потребите за електрична енергија на:

- куќарките на „затворените“ јавни паркиралишта,
- кровните површини од катните гаражи.

Останати начини на кои би се насочиле и би делувале во насока на заштеда на електрична енергија е преку инсталирање штедливи ЛЕД светилки и сензори за детекција на движење во сите објекти со кои располага претпријатието (катни гаражи, куќарките на паркиралиштата, канцелариите, ходниците итн.).

**б) Динамика**

Динамиката на реализација на предвидените активности ќе се утврдува согласно годишните програми на ЈП Градски паркинг - Скопје со согласност од Советот на Град Скопје.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ НА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН

Овој развоен план ќе се финансира од:

- сопствени извори на приходи на ЈП Градски паркинг - Скопје
- средства од буџетот на Град Скопје

Во најголем дел се планира инвестициите да се финансираат од сопствени извори на приходи на ЈП Градски паркинг – Скопје, со вршење на својата основна дејност – давање на услуга паркирање како и отстранување на непрописно паркирани возила.

Во буџетот на Град Скопје се предвидуваат средства за остварување на идеите и развој на претпријатието како и реализација на предвидените проекти.

## IV. ИЗВРШУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИОТ ПЛАН

Активностите предвидени во овој развоен план ќе ги извршува ЈП Градски паркинг - Скопје, преку реализација на работите утврдени со годишнита програма на ЈП Градски паркинг - Скопје за тековната година.

**V. НАДЗОР**

Надзор над извршувањето на овој развоен план го врши Градоначалникот на Град Скопје преку Секторот за сообраќај.

**VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Овој развоен план влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 08-
_________2023 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TËSHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR

Трајко Славески Trajko Slaveski

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) утврдена е надлежноста Советот. Согласно член 7 став 2 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и Службен весник на Република Севена Македонија бр.302/20), развојните планови за вршење на комунални дејности се донесуваат за период од три години од страна на советот на општината, општините на градот Скопје и градот Скопје.

Со овој развоен план за одржување, изведба и стопанисување на јавните паркинг простори на подрачјето на градот Скопје за периодот 2023 - 2025 година се донесува заради превземање на активности кои се однесуваат на унапредување на организирањето и уредувањето, како и зголемување на капацитетот на стационарниот сообраќај на јавните паркиралишта и јавните површини наменти за паркирање, со кои стопанисува ЈП Градски паркинг – Скопје, како и отстранување непрописно паркирани и хаварисани возила од јавни сообраќајни и зелени површини на подрачјето на градот Скопје.

Развојниот план за наредниот период опфаќа:

1. уредување на сообраќајот во мирување,

а) поставување на монтажни - демонтажни катни гаражи

б) изградба на катна гаража

в) унапредување на системите за паркирање и во делот на организирање на паркирањето на јавните површини наменети за паркирање, на кои паркирањето е зонски организирано, на јавните паркиралишта и катни гаражи

2. во делот на подигање и отстранување непрописно паркирани и хаварисани возила од јавни сообраќајни и зелени површини, во план е:

а) проширување на возниот парк на ЈП Градски паркинг – Скопје со набавка на нови специјални возила Пајак;

б) нови локации за стационирање на возилата подигнати од јавните сообраќајници.

3. во делот на организирање на работата во ЈП Градски паркинг - Скопје, во план е да се работи на заштеда на електрична енергија со: поставување соларни панели, сензори за детекција на движење и лед светилки

Во овој развоен план за одржување, изведба и стопанисување на јавните паркинг простори на подрачјето на градот Скопје за периодот 2023 - 2025 година најголем дел се планира инвестициите да се финансираат од сопствени извори на приходи на ЈП Градски паркинг – Скопје, со вршење на својата основна дејност – давање на услуга паркирање како и отстранување на непрописно паркирани возила, а исто така и во Буџетот на Град Скопје ќе се предвидат дополнителни средства за остварување на предвидените проекти и развој на претпријатието.

Врз основа на изнесеното се предлага Советот на Град Скопје да го донесе предложениот План.